**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ”**
**СКОПЈЕ**
Бул. Гоце Делчев 9а 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Бр. 08-1462/1
29 -10- 2020

Скопје

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование, член 53 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј и член 114 од Законот за високото образование, Деканот на Филолошкиот факултетот „Блаже Конески“ во Скопје, распишува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**

За избор на еден демонстратор за студиската програма албански јазик и книжевност по предметите:

- Лингвостилистика на албанскиот јазик 1 и Албанска лингвистика 1;

За избор на еден демонстратор за студиската програма албански јазик и книжевност по предметот:

- Преведување од албански на македонски јазик 2;

За избор на еден демонстратор за студиската програма општа и компаративна книжевност по предметите:

- Корејски јазик 1, 2, 3 и 4;

За избор на еден демонстратор за настава на нематични факултети – Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје по предметот Англиски јазик (изборен предмет);

За избор на еден демонстратор за настава на нематични факултети – Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје по предметот Англиски јазик на студиските програми стручни медицински сестри/техничари, физиотерапевти, логопеди, радиолошки технолози, општа медицина;

За избор на еден демонстратор за настава на нематични факултети – Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на прв циклус студии на студиската програма тригодишни стручни студии за дипломирани акушерки по предметот Англиски јазик

Кандидатот за демонстратор треба да ги исполнува општите услови утврдени со Законот за високото образование (Сл. Весник бр.82/2018) и посебните услови утврдени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411).

Кон пријавата кандидатот треба да достави:
-биографија;
-доказ дека е студент на втор или на трет циклус студии;
-уверение за завршен прв циклус студии со просечна оцена од најмалку 8.00 (осум);

Пријавата и прилозите кон неа се поднесуваат во 4 (четири) примероци во Архивата на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во рок од 5 дена од објавувањето на Огласот.

Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определени со распоредот на работни задачи за тековната учебна година, односно семестар.

Факултетот и демонстраторот склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски.

Ненавремените и некомплетни документи нема да се земат предвид за разгледување.

Д Е К А Н
на Филолошкиот факултет

проф. д-р Анета Дучевска

Универзитет Св. Кирил и Методиј * Република Северна Македонија * Филолошки факултет "Блаже Конески" * СКОПЈЕ